Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден___.11.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година

## I ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во државата и надовор од неа.

## II АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа, како и за развој и поддршка на спортовите во подем.

| **(предлог) Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година** | | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | **2.508.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на спортски турнири и натпревари | 300.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на активности на Спортско здружение „Спортски игри” за организација на Велешки Спортски игри 2027 | 600.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3. | Поддршка на активности на Железничко спортско друштво Боречки клуб ЖБК-Борец, Велес | 60.000,00 |
| 1.4. | Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Иванковци, Велес | 34.000,00 |
| 1.5. | Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Мамутчево, Велес | 34.000,00 |
| 1.6. | Меморијален турнир во мал фудбал „Гоце Коцевски” | 100.000,00 |
| 1.7. | Турнир во мал фудбал во с. Горно Оризари | 50.000,00 |
| 1.8. | Поддршка на активности на Здружение на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург”, Велес | 30.000,00 |
| 1.9. | Поддршка на активности на Здружение на спортски риболовци „Бабуна”, Велес | 30.000,00 |
| 1.10 | Поддршка на активности на Здружение на Спортско рекреативен риболовен клуб „Кркушка”, Велес | 30.000,00 |
| 1.11. | Поддршка на активности на Здружение Спортско рекреативен риболовен клуб ЗСРРК „Професионал тим”, Велес | 30.000,00 |
| 1.12. | Поддршка на активности на Младински велосипедски клуб „Велес”, Велес, за организација на меѓународна велосипедска трка „Трофеј" 2027 | 60.000,00 |
| 1.13. | Поддршка на активности на Тениски клуб „Борец“, Велес за организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2027” | 60.000,00 |
| 1.14. | Меморијален турнир во тенис „Трајче Црвенпанов-Црвен“ | 50.000,00 |
| 1.15. | Поддршка на активности на ЗГ Кошаркарски клуб „Борец - ветерани”, Велес за организација на 18. Меморијален кошаркарски турнир | 30.000,00 |
| 1.16. | Поддршка на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес за организирање на Вардарска регата „Гемиции“ 2027 | 350.000,00 |
| 1.17. | Атлетска трка „Трчаме за Рацин“ во организација на Атлетска федерација на Северна Македонија | 300.000,00 |
| 1.18. | Поддршка на Сојуз на спортови на Велес за организација на манифестацијата „Избор на најдобар спортист и спортска екипа” за 2027 година | 150.000,00 |
| 1.19. | Поддршка на активности на Здружение на спортски ветерани, Велес за организација на турнир на ракометни великани „Велес 2027” по повод 9 Ноември, Денот на Општина Велес | 50.000,00 |
| 1.20. | Поддршка на Здружение на граѓани Мото клуб „Мото Велес” за организација на ендуро-трка | 50.000,00 |
| 1.21. | Поддршка на активности на Велосипедски клуб „Нова бајк” | 30.000,00 |
| 1.22. | Поддршка на Здружение Мото клуб „Хард Ендуро Тим”, Горно Оризари, Велес, за организација на мотокрос трка во Горно Оризари, Велес | 50.000,00 |
| 1.23. | Поддршка на активности на ПД „Гемиции ‘903“ | 30.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ** | **810.000,00** |
| 2.1. | Поддршка Сојуз на училишни спортови | 350.000,00 |
| 2.2. | Поддршка на општински фудбалски сојуз | 400.000,00 |
| 2.3. | Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица | 60.000,00 |
| **3** | **ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ** | **7.835.000,00** |
| 3.1. | Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти | 2.000.000,00 |
| 3.2. | Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти | 600.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3. | ГОК „Борец”, Велес | 900.000,00 |
| 3.4. | Кошаркарски клуб „Борец – Баскет”, Велес | 900.000,00 |
| 3.5. | АД ФК „Борец 1919” АД, Велес | 600.000,00 |
| 3.6. | Здружение ФК „Превалец“, Велес | 150.000,00 |
| 3.7. | ФК „Тополка“ | 75.000,00 |
| 3.8. | КМФ„Кеги моби Велес“ | 200.000,00 |
| 3.9. | ГОК „Борец“- жени | 200.000,00 |
| 3.10. | ЗГ Одбојкарски клуб „Виола волеј”, Велес | 60.000,00 |
| 3.11. | ЗГ РК „Гемиџии спорт 2025” | 150.000,00 |
| 3.12. | ЗГ Одбојкарски клуб „Борец ветерани” | 80.000,00 |
| 3.13 | ЗГ ФК „Борец јуниор“ Велес | 60.000,00 |
| 3.14. | Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри | 300.000,00 |
| 3.15. | Поддршка и тековно одржување на спортската сала „Гемиџии” | 1.200.000,00 |
| 3.16. | Одржување на помошно спортско игралиште – Трансфер кон ОФС | 300.000,00 |
| 3.17. | Набавка на опрема и поддршка на активности на Здружение пингпонгарски клуб Патриот галакси , с.Горно Оризари- Велес | 30.000,00 |
| 3.18. | Набавка на опрема и поддршка на активности на Здружение пингпонгарски клуб „Борец- тим“, Велес | 30.000,00 |
| **4** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **16.352.191,00** |
| 4.1. | Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ - Општина Велес - ФАЗА 1 | 12.552.191,00 |
| 4.2. | Реконструкција на спортска сала „Гемиџии” – фаза 2 | 3.800.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **27.505.191,00** |

**III ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес од соодветни спортски сојузи во државата, од Министерството за спорт, од спонзорства и донации.

**IV ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства, Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- Почесно покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за промовирање на здравиот начин на живот;
- Организирање анкети за да се утврди јавниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

**V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година претставува континуитет од Програмата во 2026 година.

За подддршка на спортски турнири и натпревари кои би се одржале во текот на 2027 година се предвидуваат финансиски средства за поддршка на истите.

Во точка 2 се предвидени финансиски средства, наменети за поддршка на Сојузот на училишни спортови, општинскиот фудбалски сојуз и организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица.

Во точка 3 предвидени се финансиски средства кои се наменети за надомест за користење на спортски објекти, поддршка на клубови и поддршка за учество на првенства и натпревари на спортисти од Општина Велес.

Општина Велес во континуитет создава услови за спроведување на активностите на спортските здруженија и клубови, со што се придонесува кон збогатување на спортско-рекреативниот живот во градот за сите спортисти, рекреативци и љубители на спортот.

Преку реализацијата на своите активности, поединците, спортските здруженија и клубови вршат афирмација на градот и општината, на локално, национално и меѓународно ниво.